# ПРОГРАМА

## за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2014 годија

Сите локации опфатени со ДУП на град Кочани ќе имаат основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура, освен лесна индустрија над каналот и мв.Косовска кои ќе имаат понизок степен на уреденост, а Централното градско подрачје ќе има повисок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура, и тој ќе биде за 20% повисок од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура, а чија граница се формира со: почнувајкиод спој на ул.Д. Влахов  со ул. Л. Андонов; оди по ул. Л. Андонов , до спој со железничката линија, оди по железничката линија (билетара),оди на север до ул. Тодосија Паунов (29-ти Ноември) опфаќајќи го објектот на поранешен Оризо комерц, продолжува лево по ил. Тодосија Паунов до спој со ул Кеј на Револуцијата, потоа оди по ул. Браќа Ставреви до спој со ул. Раде кратовче и ул. Љупчо Стантов, потоа оди по плоштадот до спој со ул. М. Тито и ул. Гоце Делчев, оди до ул. Гоце Делчев до подвожњакот кај градскиот пазар, оди до подвожњакот до спој со ул. 14-та Бригада, и оди до ул. Д-р Николич (И. Милутинович), до спој со ул. Д. Влахов, оди по ул. Д. Влахов до спој со ул. Л. Андонов, во кое влегуваат и сите парцели кои излегуваат на овие улици.

Во останатите локалитети во кои нема изградено комунална инфраструктура, висината ќе ја определат реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура конкретно за секој локалитет.

Такви локалитети се:

- локалитетот во централното градско подрачје кој е помеѓу улиците: од југ Стево Теодосиевкси, запад Димитар Влахов, север постоечки Трговски центар, блок Б3 и кула Треска и исток Маршал Тито.

- Локалитетот Прокарка; кој е помеѓу улиците: од север, првата улица изнад ул. 554, од спој со ул. Бел Камен до спој со ул. Стевка Тасева, го опфаќа објектот од блок бр.4 со ознака 04.01 и продолжува по ул. 554, до спој со ул. Д. Влахов, од исток, југоисток и југ-улицата Д. Влахов, и од запад; подвожњакот од спој со ул. Бел Камен, продолжува по ул. Бел Камен до спој со 554.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ќе изнесува 2360 ден/$m^2$ н.к.п.

За централното градско подрачје, кој е за 20% повисок, ќе изнесува 2832 ден/$m^2$ н.к.п.

За дефинираниот локалитет во централното градско подрачје висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува:

- за станбен простор - 3600 ден/$m^2$ н.к.п.

- за деловен простор – 4500 ден/$m^2$ н.к.п.

За локалитетот Прокарка, во кој нема изградена комунална инфраструктура висината ќе ја определат реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура конкретно за тој локалитет.

Односно висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 3600 ден/$m^2$ н.к.п. станбен простор.

Населените места во општината: Оризари, Грдовци, Прибачево, Мојанци, Д. Подлог, Г. Подлог, Тркање, Бели и м.в.Штипски пат-лесна индустрија над каналот и мв. Косовка ќе ипаат понизок степен на уреденост на граджното земјиште со висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 50% од висината на основниот степен на уреденост, односно 1180 ден/$m^2$ н.к.п.

Викенд куќите во општината ќе имаат понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура која опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствен одвод на фекална канализација,
- сопствен одвод на атмосферски води.

А висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште на нив ќе изнесува 2400 ден/$m^2$ н.к.п.

Висината на надоместок на објекти надвор од опфатот на градежниот реон на град Кочани ќе изнесува 50% од основниот степен на уреденост на име досегашен степен на уредување, односно 1180 ден/$m^2$ н.к.п.